*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Број 02-193/2*
*04.10.2012 год.*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 1, точка 16 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011) Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 04.10.2012 год., ја донесе следната

# О Д Л У К А

за доделување титула професор емеритус (professor emeritus)
на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

1. На д-р Васил Граматниковски му се доделува титула професор емеритус (professor emeritus) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, заради неговиот посебен придонес за развој на високообразовната дејност во Република Македонија.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на почесната титула да се официјализира на 08.10.2012 година на Свечена седница на Сенатот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92 став 1 точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), Сенатот на Универзитетот, на предлог на Факултетот за туризам, на седницата одржана на 04.10.2012 година, го имаше во предвид досегашниот богат и разновиден професионален ангажман и придонес за развој на високото образование и науката во Република Македонија на проф. д-р Васил Граматниковски особено во следните активности:

Работна ангажираност (асистент на Географскиот институт на Природно-математичкиот факултет во Скопје, доцент по предметот Општа стопанска географија. вонреден професор (1980 година), редовен професор во (1985 година).

Неговата научна и стручна ориентација е стопанската географија, за која се усовршувал преку голем број студиски престои во странство. Во 1966 година престојувал во Варшава, во Полската академија на науките и уметностите заради запознавање со научноистражувачката методологија во аграрната географија. Во 1968 и 1969 година престојувал во Минхен, на географските институти на Природно-математичкиот факултет, како соработник на југословенскиот проект на географскиот институт во Загреб.

Во 1974 година престојувал на Економскиот факултет во Минхен заради изготвување на методологија за заеднички истражувања на Охридската Котлина. Во 1976 година гостувал со свои предавања на Универзитетите во Љубљана и Загреб.

Во процесот на наставната активност изведувал настава по предметите Општа стопанска географија на светот, Регионална географија на светот, Аграрна географија, како и наставни предмети на студиите по етнологија. Предавал и на последипломските студии по просторно планирање. Неговата главна научна преокупација е економската географија. Подржувајќи ја концепцијата дека економските проблеми се нераздвојни од социјалните, се занимавал и со проблеми на населението.

Има објавено 74 научни трудови, од кои пет во странство. Резултатите од научноистражувачката активност ги презентирал на повеќе научни собири во Р. Македонија и во странство.

Неговата наставно-научна активност се надополнува и со општествена активност. Бил декан на Географскиот факултет, во два мандати бил шеф на Географскиот институт при Природно-математичкиот факултет во Скопје, бил раководител на Заводот за општествена географија и на Заводот за Етнологија. За својата наставно-научна и општествена дејност има добиено многубројни признанија и награди меѓу кои и Орден на трудот со златен венец.

Согледувајќи ја целокупната дејност и активност и придонес за развој на високото образование и науката во Република Македонија на проф. д-р Васил Граматниковски Сенатот донесе одлука како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот професор;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

РЕКТОР

проф. д-р Аце Миленковски